Друштво за градежништво и инженеринг
ТОТАЛ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ
Бр. 0307/1290
22-11-2024 год.

# П Р О С П Е К Т

## ЗА ПОНУДА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ
## НА

## Друштво за трговија услуги и консалтинг ГЕРАС ЦУНЕВ ТРГОВИЈА АД Струмица

## Скратен назив:
## ГЕРАС ЦУНЕВ ТРГОВИЈА АД Струмица

| | |
|---|---|
| БРОЈ НА АКЦИИ НА КОИ СЕ ОДНЕСУВА ПОНУДАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ: | 18.373 ОБИЧНИ АКЦИИ СО ПРАВО НА ГЛАС |
| ПОНУДЕНА ЦЕНА: | 310,00 ДЕНАРИ ПО АКЦИЈА |
| ВКУПЕН БРОЈ НА ОБИЧНИ АКЦИИ СО ПРАВО НА ГЛАС:<br><br>ВКУПНО ИЗДАДЕНИ АКЦИИ: | 68.676<br><br>68.676 |
| РОК ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ПОНУДАТА: | ОД 07.12.2024 година<br>ДО 03.01.2025 година |

**Изјава од Преземачот:**
**„Комисијата за хартии од вредност не одговара за веродостојноста, потполноста и точноста на податоците содржани во овој Проспект“**

**Преземач:**
**ДГИ ТОТАЛ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Струмица**
**застапувани од Вице Заев, управител**

Друштво за градежништво и инженеринг ТОТАЛ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Струмица

Содржина на проспектот :


1. ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕЗЕМАЧОТ

2. ОДГОВОРНИ ЛИЦА
2.1. Податоци за лицата кои се одговорни за информациите содржани во проспектот
2.2. Изјава од лицата одговорни за изготвување на Проспектот
2.3. Изјава од лицата одговорни за изготвување на Проспектот

3. ПОДАТОЦИ ЗА ОВЛАСТЕНОТО ПРАВНО ЛИЦЕ КОЕ ВО ИМЕ И ЗА СМЕТКА НА ПРЕЗЕМАЧОТ ЈА ДАВА ПОНУДАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ

4. ПОДАТОЦИ ЗА ЦЕЛНОТО ДРУШТВО
4.1. Фирма и седиште на целното друштво
4.2. Хартии од вредност на кои се однесува понудата за преземање

5. ДЕТАЛНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПОНУДАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ
5.1. Услови под кои се спроведува понудата
5.1.1. Цената по која преземачот се обврзува да ги откупи хартиите од вредност
5.1.2. Начинот на утврдувањето на цената по која ќе се откупуваат хартиите од вредност
5.1.3. Датумот на започнување и датумот на завршување на рокот за прифаќање на понудата за преземање од страна на сопствениците на хартиите од вредност
5.1.4. Праг на успешност на понудата
5.1.5. Користење на правото на принудна продажба од член 63 од Законот за преземање на акционерските друштва
5.1.6. Трошоците што ќе им се наплатуваат на имателите на хартии од вредност што ќе ја прифатат понудата
5.2. Постапката за прифаќање на понудата
5.2.1. Детален опис на процедурата за прифаќање на понудата согласно член 38 од Законот за преземање на акционерските друштва
5.2.2. Податоци за начинот на депонирање на паричниот износ, односно банкарската гаранција
5.2.3. Податоци за рокот и начинот на плаќање на хартиите од вредност за кои е дадена понудата за преземање
5.2.4. Податоци за роковите и начинот на исполнување на обврските на преземачот кои ќе настанат со прифаќање на понудата за преземање
5.2.5. Детален опис на процедурата за исплата на парите по основ на прифаќање на понудата, односно издавање или предавање на хартиите од вредност за замена
5.3. Детален опис на условите за откажување на понудата за преземање
5.3.1. Услови под кои преземачот може да ја повлече понудата за преземање
5.3.2. Условите за откажување на прифаќањето на понудата од страна на сопственикот на хартиите од вредност на кои се однесува понудата за преземање
5.4. Детален опис на условите за раскинување на понудата за преземање
5.5. Детален опис на условите за одложување на понудата за преземање
5.6 Други значајни информации во врска со понудата за преземање

6. ДЕТАЛНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ЦЕЛНОТО ДРУШТВО И ЗА ХАРТИИТЕ ОД ВРЕДНОСТ НА КОИ СЕ ОДНЕСУВА ПОНУДАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ
6.1. Основни податоци за целното друштво

6.2. Основни податоци за хартиите од вредност на кои се однесува понудата за преземање
6.2.1 Поединечна и вкупна номинална вредност и број на издадени хартии од вредност, по видови и родови
6.2.2 Пазарот на кој се тргуваат овие хартии од вредност
6.2.3 Детални информации за тргувањето со хартиите од вредност по поединечни видови и родови издадени од целното друштво
6.2.4 Последната пресметана книговодствена вредност на хартиите од вредност, по родови
6.2.5 Исплатена дивиденда по акција за последните две години
6.3. Податоци за лицата кои дејствуваат заеднички со целното друштво и за начинот на нивното заедничко дејствување
6.3.1. Име и презиме односно назив, седиште и матичен број
6.3.2. Начин на нивното заедничко дејствување
6.4. Податоци за првите десет најголеми сопственици на хартии од вредност издадени од целното друштво
6.5. Ревидирани финансиски извештаи за последните две години изготвени согласно Меѓународните сметководствени стандарди и Меѓународните стандарди за финансиско известување и независно ревизорско мислење за последните две години изготвено согласно Меѓународните стандарди за ревизија

## 7. ДЕТАЛНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРЕЗЕМАЧОТ

7.1. Основни информации за преземачот
7.1.1. Назив, седиште и матичен број
7.1.2. Претежна дејност на преземачот
7.1.3. Основна главнина
7.1.4. Податоци за првите десет најголеми сопственици на акции со право на глас издадени од преземачот
7.1.5. Податоци за членовите на надзорниот одбор, управниот одбор/одбор на директори на преземачот
7.1.6. Доколку преземачот е дел од група (посложен деловен систем), краток опис на позицијата на преземачот во таа група
7.1.7. Податоци за друштвата во кои издавачот има мнозинско учество
7.2. Податоци за друштвата кои во врска со понудата за преземање дејствуваат во свое име и за сметка на преземачот
7.3. Податоци за лицата кои дејствуваат заеднички со преземачот и за начинот на нивното заедничко дејствување
7.3.1. Име и презиме односно назив, седиште и матичен број
7.3.2. Начин на нивното заедничко дејствување
7.4. Податоци за процентуалното учество и видот на хартиите од вредност, како и учеството во правата на глас кои преземачот и лицата кои дејствуваат заеднички при објавувањето на понудата за преземање веќе ги има во целното друштво
7.4.1. информации за бројот на хартиите од вредност на кои се однесува понудата за преземање со кои преземачот се стекнал во последните 12 месеци пред известувањето за намерата за преземање
7.4.2. информации за бројот на хартиите од вредност на кои се однесува понудата за преземање со кои лицата кои дејствуваат заеднички со преземачот се стекнале во последните 12 месеци пред известувањето за намерата за преземање
7.5. Финансиски извештаи за последните две години на преземачот, со наведување на мислењето од ревизорот или да се наведе дека истите не се ревидирани

7.6. Податоци за изворите на финансирање на понудата за преземање (дали понудата ќе се финансира од сопствените парични средства, преку кредит од банка или на друг начин) и за последиците од понудата на извештајот за финансиската состојба и извештајот за сеопфатната добивка на преземачот или на групата на која и припаѓа

7.7. Опис на некои значајни контакти, трансакции или преговори од страна на преземачот со целното друштво на кои се однесува понудата за преземање или со некои од акционерите на целното друштво

## 8. ОЧЕКУВАНИ ИСХОДИ НА ПОНУДАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ

8.1. Цел на понудата за преземање

8.2. Намерата и плановите на преземачот во однос на идното работење на целното друштво, и ако понудата за преземање има влијание и во однос на идното работење на преземачот – правно лице

8.3. Деловната политика на целното друштво по преземањето

8.3.1. Планираниот начин на управување со целното друштво

8.3.2. Политика на преструктуирање на целното друштво

8.3.3. Политика на вработување

8.3.4. Податоци за стратешките планови на преземачот за целното друштво, вклучувајќи и податоци за можното влијание на вработувањето, дејноста што целното друштво ја врши, средствата на целното друштво и неговите идни обврска, како и седиштето на целното друштво

8.3.5. Распределба на добивката на целното друштво

8.3.6. Промени на статусот на целното друштво

**П Р О С П Е К Т**

## 1. ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕЗЕМАЧОТ

Друштво за градежништво и инженеринг ТОТАЛ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Струмица, со седиште на ул. Гоце Делчев ББ, Струмица, застапувано од Вице Заев, Управител (во понатамошниот текст: „ДГИ ТОТАЛ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Струмица" или „Преземач")

## 2. ОДГОВОРНИ ЛИЦА:

2.1 Податоци за лицата кои се одговорни за информациите содржани во Проспектот:

- Вице Заев, Управител, ДГИ ТОТАЛ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Струмица

2.2 Изјава од лицата одговорни за изготвување на Проспектот:

"Според нашите уверувања и сознанија и согласно со податоците со кои располагаме, под морална, материјална и кривична одговорност изјавуваме дека во Проспектот се содржани сите податоци кои му се потребни на сопственикот на хартиите од вредност кои се предмет на понудата за преземање да донесе правилна одлука во врска со прифаќањето или неприфаќањето на понудата за преземање, дека објавените податоци се вистинити, потполни и точни и дека не се испуштени било какви податоци кои би можеле да имаат влијание на одлуката на сопственикот на хартии од вредност да ја прифати понудата за преземање или не".

Вице Заев, Управител, ДГИ ТОТАЛ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Струмица ____________

2.3 Изјава од лицата одговорни за изготвување на Проспектот:

„Понудата се однесува на сите акционери кои поседуваат хартии од вредност издадени од целното друштво Друштво за трговија услуги и консалтинг ГЕРАС ЦУНЕВ ТРГОВИЈА АД Струмица и тоа 18.373 обични акции со право на глас. Преземачот се обврзува да ја купи секоја хартија од вредност во согласност со пропишаните и објавените услови."

Вице Заев, Управител, ДГИ ТОТАЛ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Струмица ____________

## 3. ПОДАТОЦИ ЗА ОВЛАСТЕНОТО ПРАВНО ЛИЦЕ КОЕ ВО ИМЕ И ЗА СМЕТКА НА ПРЕЗЕМАЧОТ ЈА ДАВА ПОНУДАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ

3.1 Брокерска куќа ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје, со седиште на ул. Истарска бр. 33, 1000 Скопје, со ЕДБ: 4030998340846 и ЕМБС: 5223300.

## 4. ПОДАТОЦИ ЗА ЦЕЛНОТО ДРУШТВО

4.1 Фирма и седиште на целното друштво

Друштво за трговија, услуги и консалтинг ГЕРАС УНЕВ ТРГОВИЈА АД Струмица, со седиште на ул. Гоце Делчев бр. 50, Струмица, регистрирано во Централниот регистар на Република Северна Македонија со ИСИН: MKGECT101013 со ЕДБ: 4027002132745 и ЕМБС 5607302 (во понатамошниот текст: ГЕРАС ЦУНЕВ ТРГОВИЈА АД Струмица).

4.2 Хартии од вредност на кои се однесува понудата за преземање

*Вид и род:*

- обични акции со право на глас

*Бројот на хартии од вредност на кои се однесува понудата за преземање:*

- 18.373 обични акции со право на глас, издадени од ГЕРАС ЦУНЕВ ТРГОВИЈА АД Струмица, со ИСИН број: MKGECT101013, кои претставуваат 26,75% од основната главнина на ГЕРАС ЦУНЕВ ТРГОВИЈА АД Струмица.

Преземачот, до денот на објавувањето на намерата за преземање, поседува 50.303 обични акции односно 73,25 % од основната главнина на ГЕРАС ЦУНЕВ ТРГОВИЈА АД Струмица.

## 5. ДЕТАЛНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПОНУДАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ

5.1 Услови под кои се спроведува понудата

5.1.1 Цената по која преземачот се обврзува да ги откупи хартиите од вредност

Преземачот се обврзува да ги откупи акциите на кои се однесува понудата за преземање по цена од 310,00 (триста и десет) денари по акција.

5.1.2 Начинот на утврдувањето на цената по која ќе се откупуваат хартиите од вредност

Преземачот се обврзува да ги откупи хартиите од вредност кои се предмет на понудата за преземање (обичните акции) по цена од 310,00 денари за една акција. Понудената цена од 310,00 денари за една акција е утврдена врз основа на просечната цена постигната на Македонската берза во последните 12 месеци пред објавата на намерата за преземање и повисока од цената по која Преземачот ги стекнал акциите кои веќе ги поседува, наведени во точка 4.2 став 3 од Проспектот.

5.1.3 Датумот на започнување и датумот на завршување на рокот за прифаќање на понудата за преземање од страна на сопствениците на хартиите од вредност

Рокот за прифаќање на понудата за преземање започнува да тече на денот на објавување на понудата за преземање и завршува 28 календарски денови по започнувањето на рокот за прифаќање на понудата за преземање.

Рокот за прифаќање на понудата за преземање започнува на 07.12.2024 година, а завршува на 03.01.2025 година.

5.1.4 Најмалата количина на хартиите од вредност на кои се однесува понудата за преземање, која треба да биде прифатена за понудата за преземање да се смета за успешна (за секој вид и род на хартии од вредност поединечно), односно најнискиот процент од сите хартии од вредност на целното друштво кои преземачот, заедно со хартиите од вредност кои веќе ги поседува, треба да ги стекне врз основа на понудата за преземање за таа да биде успешна.

Понудата за преземање се однесува на сите хартии од вредност определени во точка 4.2 став 2 од овој Проспект. Преземачот не утврди праг на успешност, односно најмалата количина на хартии од вредност која треба да биде прифатена за понудата за преземање да се смета за успешна. Понудата ќе се смета за успешна без оглед на количината на хартии од вредност која ќе биде прифатена, освен во случаите предвидени во член 46 од Законот за преземање на акционерските друштва.

Преземачот ДГИ ТОТАЛ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Струмица, во моментот на давање на оваа понуда, поседува вкупно 50.303 обични акции или 73,25% вкупниот број на обични акции издадени од ГЕРАС ЦУНЕВ ТРГОВИЈА АД Струмица.

5.1.5 Доколку преземачот во постапката за преземање се стекне со најмалку 95% од хартиите од вредност на целното друштво, податок дали ќе го користи правото на принудна продажба од член 63 од Законот за преземање на акционерските друштва:

Доколку Преземачот во постапката за преземање се стекне со најмалку 95% од хартиите од вредност издадени од ГЕРАС ЦУНЕВ ТРГОВИЈА АД Струмица, тој има право да ги купи и хартиите од вредност на останатите акционери кои не ја прифатиле понудата за преземање.

Преземачот планира да го користи правото на принудна продажба под условите и на начин дефиниран во член 63 од Законот за преземање на акционерските друштва.

5.1.6 Трошоците што ќе им се наплатуваат на имателите на хартии од вредност што ќе ја прифатат понудата

На имателите на хартиите од вредност нема да им се наплатуваат трошоци за прифаќање на понудата, односно сите трошоци во врска со понудата за преземање ги сноси Преземачот.

5.2 Постапката за прифаќање на понудата

5.2.1 Детален опис на процедурата за прифаќање на понудата согласно член 38 од Законот за преземање на акционерските друштва

Понудата за преземање се прифаќа од страна на имателите на хартии од вредност издадени од ГЕРАС ЦУНЕВ ТРГОВИЈА АД Струмица со писмена изјава за прифаќање на понудата за преземање.

Изјавата за прифаќање на понудата за преземање на Целното друштво е составен дел на Проспектот (Прилог 1 – физичко лице; Прилог 2 – правно лице).

Изјавата за прифаќање на понудата ги содржи најмалку следните информации: 1) име и презиме, односно назив и седиште на имателот на хартии од вредност кој ја прифаќа понудата за преземање и единствен матичен број на имателот на хартиите од вредност;
2) изјава од имателот на хартиите од вредност за прифаќање на понудата за преземање, како и видот, родот и количината на хартиите од вредност, кои се предмет на таа изјава;
3) трансакциска сметка во банка на имателот на хартии од вредност на која се извршува исплатата врз основа на прифатената понуда;
4) овластување на Централниот депозитар за хартии од вредност за запишување забрана за располагање со хартиите од вредност и
5) своерачен потпис на имателот на хартии од вредност кој ја прифаќа понудата за преземање.

Изјавата за прифаќање на понудата се испраќа до Брокерската куќа ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје од точка 3 на овој Проспект, при што имателите на хартии од вредност издадени од ГЕРАС ЦУНЕВ ТРГОВИЈА АД Струмица ги резервираат хартии од вредност на посебна сметка во Централниот депозитар за хартии од вредност и не можат повеќе да располагаат со нив.

Имателите на хартии од вредност издадени од ГЕРАС ЦУНЕВ ТРГОВИЈА АД Струмица кои сакаат да ја прифатат понудата за преземање треба да испратат уредно пополнета и потпишна изјава за прифаќање на понудата, до Брокерската куќа ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје, најдоцна до истекот на рокот за прифаќање на понудата за преземање од точка 5.1.3., став 2 на овој Проспект.

Писмена изјава за прифаќање на понудата може да се потпише и во просториите на ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје, ул. Истарска бр.33, Скопје, од 07.12.2024 година до 03.01.2025 година, секој работен ден од 08:00 до 16:00 часот.

Понудата за преземање се смета за прифатена со денот на резервирањето на хартиите од вредност на посебна сметка во Централниот депозитар за хартии од вредност.

Согласно член 39, став 3 од Законот за преземање на акционерските друштва, со резервирање на хартиите од вредност од страна на Централниот депозитар за хартии од вредност се смета дека:
1) е склучен договор меѓу прифаќачот на понудата за преземање во својство на продавач и Преземачите во својство на купувачи за продажба на хартиите од вредност кои се предмет на таа изјава по цена и под услови определени во понудата за преземање и
2) прифаќачот на понудата за преземање не може повеќе да располага со хартиите од вредност кои се предмет на изјавата за прифаќање на понудата за преземање.

5.2.2 Податоци за начинот на депонирање на паричниот износ, односно банкарската гаранција

Пред објавувањето на понудата за преземање, Преземачот на посебна сметка на Централниот депозитар за хартии од вредност депонираше средства во износ од 5.695.630,00 денари, потребни за плаќање на сите хартии од вредност од точка 4.2 став 2 од овој Проспект, согласно член 34, став 1, од Законот за преземање на акционерските друштва.

5.2.3 Податоци за рокот и начинот на плаќање на хартиите од вредност за кои е дадена понудата за преземање

Ако понудата за преземање е успешна, Централниот депозитар за хартии од вредност е должен, во рок од 8 (осум) дена по приемот на решението од Комисијата за хартии од вредност со кое се утврдува успешноста на понудата за преземање, во име и за сметка на Преземачот, да ја исполни паричната обврска кон имателите на акции кои ја прифатиле понудата за преземање.

Во согласност со Договорот за вршење на услуги во постапката за преземање на акционерското друштво помеѓу Преземачот и Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје од бр. 08-3718/3 од 15.11.2024 година, Централниот депозитар за хартии од вредност е должен да ја изврши исплатата на парите по основ на прифаќање на понудата на сметката во деловната банка што акционерот кој ја прифатил понудата ја навел во писмената изјава за прифаќање на понудата за преземање.

5.2.4 Податоци за роковите и начинот на исполнување на обврските на преземачот кои ќе настанат со прифаќање на понудата за преземање

Преземачот е должен во рок од 3 (три) дена од истекот на рокот за прифаќање на понудата за преземање да објави известување во Службен весник на Р.С. Македонија и најмалку во еден дневен весник што редовно излегува на територијата на Р.С. Македонија за нејзиниот исход согласно член 47 од Законот за преземање на акционерските друштва, кое содржи податоци за вкупен број на лица кои ја прифатиле понудата, вкупна количина на хартии од вредност кои се предмет на прифатената понуда и процентуално учество на хартиите од вредност кои се предмет на прифатената понуда во вкупниот број на издадени хартии од вредност; изјава дека понудата е успешна, односно неуспешна и опис на причината за неуспех во случај кога се работи за неуспешна понуда за преземање.

Преземачот е должен во горенаведениот рок (три дена од истекот на рокот за прифаќање на понудата за преземање) да достави известување за исходот на понудата за преземање до Комисијата за хартии од вредност, Централниот депозитар за хартии од вредност и Комисијата за заштита на конкуренцијата.

Доколку Преземачот во известувањето за исходот на понудата за преземање објави дека понудата за преземање е успешна, Преземачот е должен да ги откупи хартиите од вредност на сите акционери кои ја прифатиле понудата.

Доколку Преземачот во постапката за преземање се стекне со најмалку 95% од хартиите од вредност издадени од ГЕРАС ЦУНЕВ ТРГОВИЈА АД Струмица, тој има право да ги купи и хартиите од вредност на останатите акционери кои не ја прифатиле

понудата за преземање согласно член 63 од Законот за преземање на акционерските друштва.

Доколку Преземачот во постапката за преземање се стекне со најмалку 95% од хартиите од вредност издадени од ГЕРАС ЦУНЕВ ТРГОВИЈА АД Струмица, тој има обврска да ги купи и хартиите од вредност на останатите акционери кои не ја прифатиле понудата за преземање, доколку акционерите кои не ја прифатиле понудата поднесат барање за принудно купување до Централниот депозитар за хартии од вредност, согласно член 64 од Законот за преземање на акционерските друштва.

5.2.5 Детален опис на процедурата за исплата на парите по основ на прифаќање на понудата

Плаќањето на паричните средства на сите иматели на хартии од вредност кои ќе ја прифатат оваа понуда ќе се врши во готово, на сметка во деловната банка за која имателите ќе го известат Централниот депозитар за хартии од вредност со изјавата за прифаќање на понудата за преземање. Централниот депозитар за хартии од вредност е должен, во рок од осум дена по приемот на решението од Комисијата за хартии од вредност со кое се утврдува успешноста на понудата за преземање, во име и за сметка на Преземачот, да ја исполни паричната обврска кон имателите на хартии од вредност кои ја прифатиле понудата за преземање.

Кога Централниот депозитар за хартии од вредност во име и за сметка на Преземачот во целост ќе ја исполни паричната обврска, Централниот депозитар ги пренесува хартиите од вредност од сметките на имателите кои ја прифатиле понудата за преземање, на сметката на Преземачот.

5.3 Детален опис на условите за откажување на понудата за преземање

5.3.1 Услови под кои преземачот може да ја повлече понудата за преземање

Доколку по објавувањето на понудата за преземање и до истекот на рокот за нејзино прифаќање друг преземач даде конкурентска понуда, Преземачот може да ја повлече понудата и да отстапи од договорите кои биле склучени со прифаќањето на оваа понуда, во согласност со член 45 од Законот за преземање на акционерските друштва.

Доколку Преземачот одлучи да ја повлече понудата за преземање, најдоцна во рок од еден работен ден ќе го објави повлекувањето на понудата за преземање. Повлекувањето има важност со денот на објавувањето. Истовремено со објавување на повлекувањето на понудата за преземање, Преземачот ќе ја извести Комисијата за хартии од вредност и Централниот депозитар за хартии од вредност. Со денот на објавување на повлекувањето на понудата за преземање, договорите склучени со прифаќање на повлечената понуда се сметаат за раскинати.

5.3.2 Условите за откажување на прифаќањето на понудата од страна на сопственикот на хартиите од вредност на кои се однесува понудата за преземање

Во случај на конкурентска понуда за преземање, согласно член 43 од Законот за преземање на акционерските друштва, лицата кои до објавувањето на конкурентската понуда веќе ја прифатиле првата понуда за преземање со потпишување на изјавата од точка 5.2.1 од овој Проспект имаат право да отстапат од писмената изјава за нејзино прифаќање и да ја прифатат конкурентската понуда.

5.4 Детален опис на условите за раскинување на понудата за преземање, доколку понудата за преземање е дадена со услови за раскинување од член 17 од Законот за преземање на акционерските друштва

Понудата за преземање е дадена без услови за раскинување.

5.5 Детален опис на условите за одложување на понудата за преземање (условите за одложување мора да бидат во согласност со член 30 од Законот за преземање на акционерските друштва)

Крајниот рок за прифаќање на понудата за преземање и евентуалните конкурентски понуди е 60 дена од денот кога е објавена првата понуда за преземање.

Рокот за прифаќање на понудата за преземање се продолжува во следните случаи и за следниот број на денови, но најмногу до истекот на крајниот рок, ако:
1) Преземачот ја измени понудата за преземање согласно со членот 29 од од Законот за преземање на акционерските друштва, рокот за прифаќање на понудата за преземање се продолжува за седум дена; и
2) е дадена конкурентска понуда за преземање, рокот за прифаќање на понудата за преземање се продолжува до истекот на рокот за прифаќање на конкурентската понуда, доколку тој истекува подоцна, но не подолго од истекот на крајниот рок.

Преземачот е должнен да ја објави секоја промена на роковите за прифаќање на понудата за преземање.

5.6 Други значајни информации во врска со понудата за преземање

Преземачот ДГИ ТОТАЛ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Струмица, пред да ја објави намерата за преземање преку блок трансакција изврши откуп на 33.145 обични акции или 48,26 % од обичните акции со право на глас издадени од ГЕРАС ЦУНЕВ ТРГОВИЈА АД Струмица по цена од 300,00 денари по акција. Со купувањето на овие акции Преземачот го надмина прагот од 25% или повеќе од хартиите од вредност со право на глас и согласно член 9 став 1 од Законот за преземање на акционерските друштва се создаде обврска за Преземачот за давање на задолжителна понуда за преземање на Целното друштвото.

## 6. ДЕТАЛНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ЦЕЛНОТО ДРУШТВО И ЗА ХАРТИИТЕ ОД ВРЕДНОСТ НА КОИ СЕ ОДНЕСУВА ПОНУДАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ

6.1 Основни податоци за целното друштво

Назив: Друштво за трговија, услуги и консалтинг ГЕРАС ЦУНЕВ ТРГОВИЈА АД Струмица
Седиште: ул. Гоце Делчев бр. 50, Струмица

ЕМБС: 5607302
ЕДБ: МК 4027002132745

6.2 Основни податоци за хартиите од вредност на кои се однесува понудата за преземање

6.2.1 Поединечна и вкупна номинална вредност и број на издадени хартии од вредност, по видови и родови

Обични акции:

- Номинална вредност на една обична акција: 15 ЕУР;
- Вкупна номинална вредност: 1.030.140 ЕУР;
- Број на издадени обични акции: 68.676.

6.2.2 Пазарот на кој се тргуваат овие хартии од вредност

Официјалнен пазар – Котација на акции на Македонска берза, потсегмент - Задолжителна котација - обични акции, под шифрата GECT.

6.2.3 Детални информации за тргувањето со хартиите од вредност по поединечни видови и родови издадени од целното друштво

- графички приказ на дневната просечна цена на хартиите од вредност за последните шест месеци пред објавувањето на намерата за преземање (датумот е на x -оската, цената на y-оската);




- графички приказ на дневниот обем на тргување со хартиите од вредност за последните шест месеци пред објавувањето на намерата за преземање (датумот е на x -оската, цената на y -оската);




6.2.4 Последната пресметана книговодствена вредност на хартиите од вредност, по родови

- 957,19 денари за една акција (согласно податоците од Ревидираните финансиски извештаи за 2023 година).

Ревидираните финансиски извештаи за 2023 година се достапни на СЕИ НЕТ интернет страната на Македонска берза АД Скопје, на следниот линк: https://www.seinet.com.mk/document/69250

6.2.5 Исплатена дивиденда по акција за последните две години

- Дивиденда за 2022 година = 0 денари;
- Дивиденда за 2023 година = 0 денари.

6.3 Податоци за лицата кои дејствуваат заеднички со целното друштво и за начинот на нивното заедничко дејствување

Преземачот нема сознанија за лица кои дејствуваат заеднички со целното друштво.

6.4 Податоци за првите десет најголеми сопственици на хартии од вредност издадени од целното друштво на ден 15.11.2024 година, согласно следната табела

| Име и презиме односно назив на акционерот | Број на хартии од вредност, по видови, родови и класи | Процент од вкупниот број на обични акции |
|---|---|---|
| 1.ДГИ Тотал инженеринг ДООЕЛ Струмица | 50.303 обични акции | 73,25% |
| 2.Трајче Заев | 15.203 обични акции | 22,14% |
| 3. Еленица АД Струмица | 1.182 обични акции | 1,72% |
| 4. Герас Цунев трговија-неидентификувани акционери | 142 обични акции | 0,21% |
| 5. Венета Георгиева | 74 обични акции | 0,11% |

| | | |
|---|---|---|
| 6. Наталија Котева | 65 обични акции | 0,09% |
| 7. Данило Стефаноски | 63 обични акции | 0,09% |
| 8. Голуба Димитрова | 61 обични акции | 0,09% |
| 9. Стојан Коциров | 60 обични акции | 0,09% |
| 10. Ѓурѓа Стојчева | 58 обични акции | 0,09% |

6.5 Ревидирани финансиски извештаи за последните две години изготвени согласно Меѓународните сметководствени стандарди и Меѓународните стандарди за финансиско известување и независно ревизорско мислење за последните две години изготвено согласно Меѓународните стандарди за ревизија

Во продолжение се прикажани:

- Финансиските извештаи за 2022 година, ревидирани од Бенд ревизија и консалтинг-Тетово, Р.С. Македонија и усвоени од Собранието на акционери на ГЕРАС ЦУНЕВ ТРГОВИЈА АД Струмица, одржано на 26.05.2023 година, кои се преземени од интернет страната СЕИ Нет, на следниот линк: https://www.seinet.com.mk/document/63777

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА 2022 ГОДИНА
# И ИЗВЕШТАЈ НА РЕВИЗОРИТЕ

НА

**ГЕРАС ЦУНЕВ ТРГОВИЈА АД СТРУМИЦА**

**СОДРЖИНА:**

**ИЗВЕШТАЈ НА РЕВИЗОРИТЕ**

**ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ**

| | |
|---|---|
| Извештај за сеопфатна добивка | 2022 година |
| Извештај за финансиската состојба на ден 31.Декември | 2022 година |
| Извештај за паричните текови за | 2022 година |
| Извештај за промените на главнината за | 2022 година |
| Белешки кон финансиските извештаи | |
| Годишна сметка за | 2022 година |
| Годишен извештај за работењето за | 2022 година |


Мај 2023 година

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ ДО**
**ГЕРАС ЦУНЕВ ТРГОВИЈА АД СТРУМИЦА**

## Извештај за финансиските извештаи

На Ваше барање извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Герас Цунев Трговија АД Струмица, кои што го вклучуваат Извештајот за финансиската состојба заклучно со 31 декември 2022, како и Извештајот за сеопфатна добивка за периодот, Извештајот за промени во главнината и Извештајот за парични текови за годината која завршува тогаш и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

Одговорност на раководството за финансиските извештаи

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република С. Македонија, и за интерната контрола којашто е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиски извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

Одговорност на ревизорот

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Законот за ревизија и Меѓународните стандарди за ревизија прифатени и објавени во Службен Весник на Република С. Македонија (79/2010). Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвување и објективното презентирање на финансиските извештаи на друштвото за да обликува ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на друштвото. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето мислење.

ул. Јане Сандански бр. 63/2 Тетово тел. 044 330 800 www.bend.com.mk revizija@bend.com.mk

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ ДО**
**ГЕРАС ЦУНЕВ ТРГОВИЈА АД СТРУМИЦА – продолжение**

**Мислење**

Според наше мислење, финансиските извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти финансиската состојба на Герас Цунев Трговија АД Струмица, заклучно со 31 декември 2022 година, како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината којашто завршува тогаш во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република С. Македонија.

**Извештај за други правни и регулаторни барања**

Менаџментот на друштвото е исто така одговорен за подготвување на годишниот извештај за работа во согласност со член 384 од Законот за трговски друштва

Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да изразиме мислење во врска со конзистентноста на годишниот извештај за работа со годишната сметка и финансиските извештаи. Нашата работа во однос на годишниот извештај за работа е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските финансиски информации прикажани во годишниот извештај за работа се конзистентни со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи.

Финансиските информации во годишниот извештај за работа се конзистентни, во сите материјални аспекти, со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Герас Цунев Трговија АД Струмица за годината што заврши на 31 декември 2022 година.

Тетово 04,05,2023

Овластен ревизор

Душко Апостоловски

БЕНД Ревизија и Консалтинг ДОО Тетово

Управител Душко Апостоловски

Друштво за ревизија БЕНД РЕВИЗИЈА И КОНСАЛТИНГ ДОО Тетово

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА 2022 ГОДИНА

**НА**

## ГЕРАС ЦУНЕВ ТРГОВИЈА АД СТРУМИЦА

**СОДРЖИНА:** **Страна**

**ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ**



| | | |
|---|---|---|
| **Извештај за сеопфатна добивка за** | **2022 година** | **2** |
| **Извештај за финансиската состојба на ден 31 декември** | **2022 година** | **3** |
| **Извештај за паричните текови за** | **2022 година** | **4** |
| **Извештај за промените на главнината за** | **2022 година** | **5** |
| **Белешки кон финансиските извештаи** | | **6-28** |



**Февруари, 2023 година**

## *ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА ЗА ПЕРИОДОТ*
### *За годината што завршува на 31 Декември 2022 и 2021 (во 000 денари)*

| Позиција | Белешка | Тековна година | Претходна година |
|---|---|---|---|
| *Приходи од продажба* | 4 | 4,722 | 3,896 |
| *Останати оперативни приходи (добивка)* | 5 | 8 | 462 |
| *Потрошени материјали и ситен инвентар* | 7 | (1,538) | (1,084) |
| *Набавна вредност на стоки и материјали* | 8 | (84) | - |
| *Услуги со карактер на материјални трошоци* | 9 | (1,750) | (2,183) |
| *Трошоци за депрецијација и амортизација* | 11 | (1,661) | (1,598) |
| *Вредносно усогласување* | 13 | - | (162) |
| *Нематеријални трошоци од работењето* | 12 | (1,334) | (1,147) |
| *Останати трошоци од работењето од редовни активности* | 14 | (95) | (158) |
| *Плати и надомести* | 10 | (1,252) | (1,371) |
| ***Добивка/загуба од оперативно работење*** | | **(2,985)** | **(3,345)** |
| *Финансиски приходи* | 6 | 437 | 242 |
| *Финансиски расходи* | 15 | (60) | (41) |
| ***Добивка/загуба за годината*** | | **(2,608)** | **(3,144)** |
| *Број на акции:* | 16 | 68.676 | 68.676 |
| ***Припишана добивка на :*** | | | |
| *Сопственициte на матичното друштво* | 16 | (2,608) | (3,144) |
| *Учество кое нема контрола* | | | |
| ***Вкупно*** | | **(2,608)** | **(3,144)** |
| ***Заработка по акција (во парични единици) основна и разводнета*** | **16** | **(37.97)** | **(45.77)** |

**Овие Финансиски Извештаи се усвоени од Одборот на Директори на Друштвото на 10 февруари 2023 година и се потпишани од:**

| Извршен Директор | Сметководител |
|---|---|
| Снежана Јанева | |

Белешките кон финаниските извештаи претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.

Преземач:
ДГИ ТОТАЛ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Струмица

### *ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА НА КРАЈОТ НА ПЕРИОДОТ*
### *на 31 Декември 2022 и 2021 (во 000 денари)*

| Позиција | Белешка | Тековна година | Претходна година |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Долгорочни средства** | | **22,841** | **24,158** |
| Материјални средства | 17 | 21,828 | 23,146 |
| Вложувања во недвижности | 18 | 1,012 | 1,012 |
| **Тековни средства** | | **47,427** | **48,675** |
| Залихи | 19 | 2,067 | 2,151 |
| Побарувања за аванси во земјата | 20 | 6,787 | 6,787 |
| Парични средства и еквиваленти на парични средства | 21 | 277 | 304 |
| Побарувања од купувачи | 23 | 9,866 | 9,520 |
| Побарувања од поврзани субјекти | 22 | 1,256 | 1,256 |
| Краткорочни финансиски вложувања | 24 | 21,819 | 22,099 |
| Активни временски разграничувања | 25 | 5,354 | 6,558 |
| **ВКУПНА АКТИВА** | | **70,267** | **72,833** |
| **КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | | |
| **Капитал и резерви** | | **67,808** | **70,416** |
| Запишан основен капитал | ПГ | 62,787 | 62,787 |
| Ревалоризациона резерва | ПГ | 639 | 639 |
| Резерви | ПГ | 6,279 | 6,279 |
| Акумулирана добивка/загуба | ПГ | 711 | 3,854 |
| Добивка за финансиската година | БУ | (2,608) | (3,144) |
| **Долгорочни обврски** | **27** | **375** | **875** |
| **Тековни обврски** | | **2,085** | **1,542** |
| Краткорочни обврски према поврзани друштва | 28 | 3 | 51 |
| Обврски спрема добавувачи | 29 | 1,089 | 875 |
| Краткорочни обврски за даноци, придонеси и други давачки | 30 | 38 | 13 |
| Останати краткорочни обврски и останати резервирања | 31 | 466 | 463 |
| Краткорочни финансиски обврски | 32 | 489 | 139 |
| **ВКУПНО КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | **70,267** | **72,833** |

Извршен Директор
Снежана Јанева

Друштво за трговија, услуги и консалтинг Герас Цунев трговија А.Д. Струмица

Сметководител

Белешките кон финанискитe извештаи претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.

Преземач:
ДГИ ТОТАЛ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Струмица

### *ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ ЗА ПЕРИОДОТ*
### *за годината која завршува на 31.12.2022 и 31.12.2021 (во 000 денари)*

| *Позиција* | *Тековна година* | *Претходна година* |
|---|---|---|
| ***Готовински текови од деловни активности*** | ***817*** | ***60*** |
| *Нето добивка/загуба после оданочување* | *(2,608)* | *(3,144)* |
| *Амортизација* | *1,661* | *1,598* |
| ***Промени - Зголемување/намалување на :*** | | |
| *Залихи* | *84* | *217* |
| *Побарувања од поврзани друштва* | *-* | *30* |
| *Побарувања од купувачи* | *(346)* | *(283)* |
| *Побарувања од вработените* | *-* | *1* |
| *Побарувања по дадени заеми* | *280* | *285* |
| *АВР* | *1,204* | *1,657* |
| *Обврски спрема поврзани друштва* | *(48)* | *(149)* |
| *Обврски спрема добавувачи* | *213* | *392* |
| *Обврски кон вработените* | *-* | *(107)* |
| *Тековни даночни обврски* | *24* | *(10)* |
| *Обврски по заеми и кредити* | *350* | *(247)* |
| *Останати краткорочни обврски* | *3* | *70* |
| *ПВР* | *-* | *(249)* |
| ***Готовински текови од инвестициони активности*** | ***(344)*** | ***(800)*** |
| *Директни набавки на нематеријални и материјални средства* | *(344)* | *(800)* |
| ***Готовински текови од финансиски активности*** | ***(500)*** | ***875*** |
| *Зголемување/намалување на долгорочни кредити* | *(500)* | *875* |
| ***Зголемување/намалување на паричните средства*** | ***(27)*** | ***135*** |
| ***Парични средства на почеток на годината*** | ***304*** | ***169*** |
| ***Парични средства на крајот на годината*** | ***277*** | ***304*** |




Белешките кон финанисиките извештаи претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.



### *Извештај за промена на главнината на 31 декември 2022 (во 000 денари)*

| Позиција | Основна главнина | Задржана добивка/ загуба | Добивка/ загуба за годината | Резерви | Ревалоризирана вредност | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба на 1 јануари 2022** | 62,787 | 3,854 | (3,144) | 6,279 | 639 | 70,416 |
| Промена на сметководствени политики | | | | | | |
| **Повторно утврдено салдо** | 62,787 | 3,854 | (3,144) | 6,279 | 639 | 70,416 |
| **Промени на капиталот за 2022** | | | | | | |
| Вкупна сеопфатна добивка за годината | | | (2,608) | | | (2,608) |
| Трансфер/пренос на задржана добивка | | (3,144) | 3,144 | - | | - |
| **Состојба на 31 Декември 2022** | 62,787 | 711 | (2,608) | 6,279 | 639 | 67,808 |
| **Состојба на 1 јануари 2021** | 62,787 | 7,018 | (3,164) | 6,279 | 639 | 73,559 |
| Промена на сметководствени политики | | | | | | |
| **Повторно утврдено салдо** | 62,787 | 7,018 | (3,164) | 6,279 | 639 | 73,559 |
| **Промени на капиталот за 2021** | | | | | | |
| Вкупна сеопфатна добивка за годината | | | (3,144) | | | (3,144) |
| Трансфер/пренос на задржана добивка | | (3,164) | 3,164 | - | | - |
| **Состојба на 31 Декември 2021** | 62,787 | 3,854 | (3,144) | 6,279 | 639 | 70,416 |

Извршен Директор

Снежана Јанева

Сметководител

Белешките кон финанисните извештаи претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.

- Финансиските извештаи за 2023 година, ревидирани од Бенд ревизија и консалтинг-Тетово, Р.С. Македонија и усвоени од Собранието на акционери на ГЕРАС ЦУНЕВ ТРГОВИЈА АД Струмица одржано на 25.07.2024 година, кои се преземени од интернет страната СЕИ Нет, на следниот линк: https://www.seinet.com.mk/document/69250

**Герас Цунев Трговија А.Д**

**ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА 2023 ГОДИНА**
**И ИЗВЕШТАЈ НА РЕВИЗОРИТЕ**

**НА**

**ГЕРАС ЦУНЕВ ТРГОВИЈА АД СТРУМИЦА**

**СОДРЖИНА:**


**ИЗВЕШТАЈ НА РЕВИЗОРИТЕ**

**ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ**

| | |
|---|---|
| **Извештај за сеопфатна добивка** | **2023 година** |
| **Извештај за финансиската состојба на ден 31.Декември** | **2023 година** |
| **Извештај за паричните текови за** | **2023 година** |
| **Извештај за промените на главнината за** | **2023 година** |
| **Белешки кон финансиските извештаи** | |
| **Годишна сметка за** | **2023 година** |
| **Годишен извештај за работењето за** | **2023 година** |


Јули 2024 година

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ ДО**
**ГЕРАС ЦУНЕВ ТРГОВИЈА АД СТРУМИЦА – продолжение**

**Основа за мислење со резерва**

Како што е наведено во Белешка 19 од финансиските извештаи, побарувањата за дадени аванси во земјата, со состојба на 31 декември 2023 година изнесуваат 6,787 илјади денари. На датумот на овие финансиски извештаи постои ризик од ненадоместливост на овие побарувања.
Друштвото не изврши проценка ниту пак има признаено било каква резервација поради обезвреднување на овие побарувања со состојба на 31 декември 2023 година. Следствено, ние не бевме во состојба да стекнеме разумно уверување во однос на евидентираната вредност на побарувањата за дадени аванси во земјата со состојба на 31 декември 2023 година и ефектите врз останатите елементи од финансиските извештаи.

**Мислење со резерва**

Според наше мислење, освен за можните ефекти на кои се укажува во пасусот основа за мислење со резерва, финансиските извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти финансиската состојба на Герас Цунев Трговија АД Струмица, заклучно со 31 декември 2023 година, како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината којашто завршува тогаш во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија.

**Нагласување на прашање**

Како што е обелоденето во белешка 3.18. од финансиските извештаи, на Собранието на акционери на Друштвото одржано на 26.05.2023 година, донесена е одлука за преобразба на Друштвото од акционерско друштво во друштво со ограничена одговорност. Оваа одлука не е спроведена до датумот на одобрување на овие финансиски извештаи.

Друштвото постојано врши анализа во однос на принципот на континуитет и не се очекуваат неусогласености и напуштање на работењето или дејноста во наредниот период.

Нашето мислење не е дополнително квалификувано во однос на горенаведеното прашање.

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ ДО**
**ГЕРАС ЦУНЕВ ТРГОВИЈА АД СТРУМИЦА – продолжение**

**Извештај за други правни и регулаторни барања**

Менаџментот на друштвото е исто така одговорен за подготвување на годишниот извештај за работа во согласност со член 384 од Законот за трговски друштва

Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да изразиме мислење во врска со конзистентноста на годишниот извештај за работа со годишната сметка и финансиските извештаи. Нашата работа во однос на годишниот извештај за работа е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските финансиски информации прикажани во годишниот извештај за работа се конзистентни со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи.

Финансиските информации во годишниот извештај за работа се конзистентни, во сите материјални аспекти, со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Герас Цунев Трговија АД Струмица за годината што заврши на 31 декември 2023 година.

Тетово 18.07.2024

Овластен ревизор БЕНД Ревизија и консалтинг ДОО Тетово

Душко Апостоловски Управител Ненад Апостоловски

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА 2023 ГОДИНА

**НА**

## ГЕРАС ЦУНЕВ ТРГОВИЈА АД СТРУМИЦА

**СОДРЖИНА:**

**ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ**

| | |
|---|---|
| Извештај за сеопфатна добивка за | 2023 година |
| Извештај за финансиската состојба на ден 31 декември | 2023 година |
| Извештај за паричните текови за | 2023 година |
| Извештај за промените на главнината за | 2023 година |

Белешки кон финансиските извештаи

Март, 2024 година

***ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА ЗА ПЕРИОДОТ***
***За годината што завршува на 31 Декември 2023 и 2022 (во 000 денари)***

| Позиција | Белешка | Тековна година | Претходна година |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 4 | 4,562 | 4,722 |
| Останати оперативни приходи (добивка) | 5 | 0 | 8 |
| Потрошени материјали и ситен инвентар | 7 | (1,597) | (1,538) |
| Набавна вредност на стоки и материјали | 8 | - | (84) |
| Услуги со карактер на материјални трошоци | 9 | (1,213) | (1,750) |
| Трошоци за депрецијација и амортизација | 11 | (1,646) | (1,661) |
| Нематеријални трошоци од работењето | 12 | (1,692) | (1,334) |
| Останати трошоци од работењето од редовни активности | 13 | - | (95) |
| Плати и надомести | 10 | (901) | (1,252) |
| **Добивка/загуба од оперативно работење** | | **(2,488)** | **(2,985)** |
| Финансиски приходи | 6 | 430 | 437 |
| Финансиски расходи | 14 | (14) | (60) |
| **Добивка/загуба пред оданочување** | | **(2,072)** | **(2,608)** |
| **Добивка/загуба за годината** | | **(2,072)** | **(2,608)** |
| Број на акции: | 15 | 68.676 | 68.676 |
| **Заработка по акција (во парични единици) основна и разводнета** | **15** | **(30.17)** | **(37.97)** |

**Овие Финансиски Извештаи се усвоени од Одборот на Директори на Друштвото на 15.03.2024 година и се потпишани од:**

Извршен Директор

Белешките кон финанискиte извештаи претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА НА КРАЈОТ НА ПЕРИОДОТ**
**на 31 Декември 2023 и 2022 (во 000 денари)**

| Позиција | Белешка | Тековна година | Претходна година |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Долгорочни средства** | | **21,235** | **22,841** |
| Материјални средства | 16 | 20,223 | 21,828 |
| Вложувања во недвижности | 17 | 1,012 | 1,012 |
| **Тековни средства** | | **46,844** | **47,427** |
| Залихи | 18 | 2,067 | 2,067 |
| Побарувања за аванси во земјата | 19 | 6,787 | 6,787 |
| Парични средства и еквиваленти на парични средства | 20 | 9 | 277 |
| Побарувања од купувачи | 22 | 10,415 | 9,866 |
| Побарувања од поврзани субјекти | 21 | 1,256 | 1,256 |
| Краткорочни финансиски вложувања | 23 | 21,819 | 21,819 |
| Активни временски разграничувања | 24 | 4,491 | 5,354 |
| **ВКУПНА АКТИВА** | | **68,080** | **70,267** |
| **КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | | |
| **Капитал и резерви** | | **65,736** | **67,808** |
| Запишан основен капитал | ПГ | 62,787 | 62,787 |
| Ревалоризациона резерва | ПГ | 639 | 639 |
| Резерви | ПГ | 6,279 | 6,279 |
| Акумулирана добивка/загуба | ПГ | (1,897) | 711 |
| Добивка за финансиската година | БУ | (2,072) | (2,608) |
| **Долгорочни обврски** | 26 | **(1)** | **375** |
| **Тековни обврски** | | **2,345** | **2,085** |
| Краткорочни обврски према поврзани друштва | 27 | 42 | 3 |
| Обврски спрема добавувачи | 28 | 1,265 | 1,089 |
| Краткорочни обврски за даноци, придонеси и други давачки | 29 | 78 | 38 |
| Останати краткорочни обврски и останати резервирања | 30 | 470 | 466 |
| Краткорочни финансиски обврски | 31 | 489 | 489 |
| **ВКУПНО КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | **68,080** | **70,267** |

Извршен Директор

Белешките кон финаниските извештаи претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.

Преземач:
ДГИ ТОТАЛ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Струмица

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ ЗА ПЕРИОДОТ**
**за годината која завршува на 31.12.2023 и 31.12.2022 (во 000 денари)**

| Позиција | Тековна година | Претходна година |
|---|---|---|
| **Готовински текови од деловни активности** | **149** | **817** |
| Нето добивка/загуба после оданочување | (2,072) | (2,608) |
| Амортизација | 1,646 | 1,661 |
| **Промени - Зголемување/намалување на :** | | |
| Залихи | - | 84 |
| Побарувања од купувачи | (549) | (346) |
| Побарувања по дадени заеми | - | 280 |
| АВР | 863 | 1,204 |
| Обврски спрема поврзани друштва | 40 | (48) |
| Обврски спрема добавувачи | 176 | 213 |
| Тековни даночни обврски | 41 | 24 |
| Обврски по заеми и кредити | - | 350 |
| Останати краткорочни обврски | 4 | 3 |
| **Готовински текови од инвестициони активности** | **(41)** | **(344)** |
| Директни набавки на нематеријални и материјални средства | (41) | (344) |
| **Готовински текови од финансиски активности** | **(376)** | **(500)** |
| Зголемување/намалување на долгорочни кредити | (376) | (500) |
| **Зголемување/намалување на паричните средства** | **(268)** | **(27)** |
| **Парични средства на почеток на годината** | **277** | **304** |
| **Парични средства на крајот на годината** | **9** | **277** |

Извршен Директор

**Белешките кон финанисиките извештаи претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.**

Преземач:
ДГИ ТОТАЛ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Струмица

### *Извештај за промена на главнината на 31 декември 2023 (во 000 денари)*

| Позиција | Основна главнина | Задржана добивка/ загуба | Добивка/ загуба за годината | Резерви | Ревалоризира на вредност | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба на 1 јануари 2023** | **62.787** | **711** | **(2.608)** | **6.279** | **639** | **67.808** |
| Промена на сметководствен и политики | | | | | | |
| ***Повторно утврдено салдо*** | ***62.787*** | ***711*** | ***(2.608)*** | ***6.279*** | ***639*** | ***67.808*** |
| **Промени на капиталот за 2023** | | | | | | |
| Вкупна сеопфатна добивка за годината | | | (2.072) | | | (2.072) |
| Трансфер/пренос на задржана добивка | | (2.608) | 2.608 | - | | - |
| **Состојба на 31 Декември 2023** | **62.787** | **(1.897)** | **(2.072)** | **6.279** | **639** | **65.736** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба на 1 јануари 2022** | **62.787** | **3.854** | **(3.144)** | **6.279** | **639** | **70.416** |
| Промена на сметководствен и политики | | | | | | |
| ***Повторно утврдено салдо*** | ***62.787*** | ***3.854*** | ***(3.144)*** | ***6.279*** | ***639*** | ***70.416*** |
| **Промени на капиталот за 2022** | | | | | | |
| Вкупна сеопфатна добивка за годината | | | (2.608) | | | (2.608) |
| Трансфер/пренос на задржана добивка | | (3.144) | 3.144 | - | | - |
| **Состојба на 31 Декември 2022** | **62.787** | **711** | **(2.608)** | **6.279** | **639** | **67.808** |

**Извршен Директор**

**Белешките кон финансиските извештаи претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.**

## 7. ДЕТАЛНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРЕЗЕМАЧОТ

7.1 Основни информации за преземачот

7.1.1 име и презиме, адреса и место на живеење (доколку преземачот е физичко лице), односно назив, седиште и матичен (доколку преземачот е правно лице);

Назив: Друштво за градежништво и инженеринг ТОТАЛ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Струмица
Седиште: Ул. Гоце Делчев ББ, Струмица, застапувано од Вице Заев, Управител
ЕМБС: 6506674

7.1.2 Претежна дејност на преземачот

Преземачот е регистриран во Централниот регистар на РСМ со приоритетна дејност 41.2 Изградба на станбени и нестанбени згради, според Националната класификација на дејности.

7.1.3 Основна главнина

Основната главнина на ДГИ ТОТАЛ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Струмица е 318.100 денари.

7.1.4 Податоци за првите десет најголеми сопственици на акции со право на глас издадени од преземачот, согласно следната табела

ДГИ ТОТАЛ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Струмица е основано од Вице Заев, кој е сопственик 100% од основната главнина на Преземачот.

7.1.5 Податоци за членовите на надзорниот одбор, управниот одбор/одбор на директори на преземачот

Вице Заев, Управител.

7.1.6 Доколку преземачот е дел од група (посложен деловен систем), краток опис на позицијата на преземачот во таа група

Преземачот не е дел од група (посложен деловен систем).

7.1.7 Податоци за друштвата во кои преземачот има мнозинско учество (назив, земја во која се основани или работат, процентот на сопственост и ако е различен и процентот на гласачката моќ)

Преземачот е постоечки акционер на ГЕРАС ЦУНЕВ ТРГОВИЈА АД Струмица, со следнава состојба на поседувани акции:

| Име и презиме односно назив на акционерот | Број на хартии од вредност, по видови, родови и класи | Процент од вкупниот број на хартии од вредност |
|---|---|---|
| ДГИ Тотал инженеринг ДООЕЛ | 50.303 обични акции | 73,25 % |

Преземачот има мнозинско учество во капиталот на следните друштва:

| Назив на друштвото: | Учество во проценти: |
|---|---|
| ГЕРАС ЦУНЕВ КОНФЕКЦИЈА АД Струмица | 73,30 % |
| Индустријал струма АД Струмица | 100 % |

7.2 Податоци за друштвата кои во врска со понудата за преземање дејствуваат во свое име и за сметка на преземачот

Не постојат друштвата, кои во врска со понудата за преземање, дејствуваат во свое име и за сметка на Преземачот.

7.3 Податоци за лицата кои дејствуваат заеднички со преземачот и за начинот на нивното заедничко дејствување

Не постојат лица кои дејствуваат заеднички со Преземачот.

7.4 Податоци за процентуалното учество и видот на хартиите од вредност, како и учеството во правата на глас кои преземачот и лицата кои дејствуваат заеднички при објавувањето на понудата за преземање веќе ги има во целното друштво:

7.4.1 Информации за бројот на хартиите од вредност на кои се однесува понудата за преземање со кои преземачот се стекнал во последните 12 месеци пред известувањето за намерата за преземање

| Датум на трансакцијата | Број на хартии од вредност | Цената по која се стекнати хартиите од вредност | Вкупна вредност на трансакцијата | Претходна состојба | Состојба по промени |
|---|---|---|---|---|---|
| 18.10.2024 | 33.145 | 300,00 | 9.943.500,00 МКД | 17.158 | 50.303 |

7.4.2 Информации за бројот на хартиите од вредност на кои се однесува понудата за преземање со кои лицата кои дејствуваат заеднички со преземачот се стекнале во последните 12 месеци пред известувањето за намерата за преземање (за секое лице поединечно)

Не постојат лица кои дејствуваат заеднички со Преземачот и кои се стекнале со хартии од вредност од целното друштво во последните 12 месеци пред известувањето за намерата за преземање.

7.5 Финансиски извештаи за последните две години на преземачот, со наведување на мислењето од ревизорот или да се наведе дека истите не се ревидирани.

Финансиските извештаи на преземачот не се ревидирани.

# *ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА 2023*

**НА**

**Друштво за градежништво и инженеринг ТОТАЛ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Струмица**

**СОДРЖИНА:**

| **ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ** | **Стр.** |
|---|---|
| **Извештај за сеопфатна добивка за периодот 01.01 до 31.12.2023 година** | **2** |
| **Извештај за финансиската состојба на ден 31.12.2023 година** | **3** |
| **Извештај за паричните текови за периодот 01.01 до 31.12.2023 година** | **4** |
| **Извештај за промените на капиталот за периодот 01.01 до 31.12.2023 година** | **5** |
| **Белешки кон финансиските извештаи** | **6** |

Март 2024 година

## ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА ЗА ПЕРИОДОТ
*За годината што завршува на 31, Декември 2023 и 2022 (во 000 денари)*

| Позиција | број на белешка | Износ во 000 денари<br>Тековна година | Претходна година |
|---|---|---|---|
| **ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО** | | **64,169** | **144,444** |
| Приходи од продажба | 4 | 63,837 | 142,074 |
| Останати приходи | 5,6 | 332 | 2,369 |
| Залихи на готови производи и на надовршено производство на почетокот на годината | | 194,630 | 174,639 |
| Залихи на готови производи и на надовршено производство на крајот на годината | | 370,109 | 194,630 |
| **РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО** | | **226,456** | **120,540** |
| Трошоци од работењето | 8 | 87,195 | 64,604 |
| Набавна вредност на продадени стоки | 9 | 15,809 | 11,929 |
| Услуги со карактер на материјални трошоци | 10 | 89,283 | 34,701 |
| Останати оперативни расходи | 13 | 2,153 | 1,538 |
| Трошоци од вработените | 11 | 3,815 | 2,685 |
| Амортизација на материјалните и нематеријалните средства | 12 | 5,699 | 3,549 |
| Вредносно усогласување (обезвреднување) на материјалните и нематеријалните средства | 14 | 249 | - |
| Останати трошоци од работењето | 15 | 22,253 | 1,534 |
| **ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ** | 7 | **3,877** | **3,014** |
| Приходи по основ на камати од работење со неповрзани друштво | | 3,877 | 3,014 |
| **ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ** | 16 | **3,373** | **532** |
| Расходи по основ на камати од работење со неповрзани друштво | | 3,368 | 481 |
| Расходи по основ на курсни разлики од работење со неповрзани друштво | | 3 | 21 |
| Вредносно усогласување на финансиски средства и вложувања | | 3 | 30 |
| **Добивка пред оданочување** | | **13,695** | **46,378** |
| Данок на добивка | | 1,562 | 4,733 |
| **НЕТО ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА** | | **12,132** | **41,645** |

15.03.2024

*Овие финансиски извештаи се одобрени од Управителот на Друштвото:*

Управител ____________ Сметководител ____________

*Белешките кон финансиските извештаи се интегрален дел од финансиските извештаи и треба да се читаат во врска со истите*

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА НА КРАЈОТ НА ПЕРИОДОТ
**на 31 Декември 2023 и 2022 (во 000 денари)**

| Позиција | Белешка | Тековна година | Претходна година |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Долгорочни средства** | | **214,737** | **158,971** |
| Материјални средства | 17 | 186,104 | 130,939 |
| Вложувања во недвижности | 18 | 302 | 163 |
| Долгорочни финансиски средства | 19 | 28,331 | 27,869 |
| **Тековни средства** | | **610,116** | **408,531** |
| Залихи | 20 | 389,775 | 214,296 |
| Побарувања за аванси во земјата | 21 | 30,249 | 40,323 |
| Парични средства и еквиваленти на парични средства | 22 | 28,699 | 20,667 |
| Побарувања од купувачи | 23 | 62,920 | 59,108 |
| Краткорочни финансиски вложувања | 25 | 80,141 | 73,768 |
| Побарувања од државата и други институции | 24 | 3,282 | 369 |
| Активни временски разграничувања | 26 | 15,050 | - |
| **ВКУПНА АКТИВА** | | **824,853** | **567,502** |
| **КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | | |
| **Капитал и резерви** | | **180,573** | **168,441** |
| Запишан основен капитал | ПГ | 318 | 318 |
| Резерви | ПГ | 60 | 60 |
| Акумулирана добивка/загуба | ПГ | 168,063 | 126,419 |
| Добивка за финансиската година | БУ | 12,132 | 41,645 |
| **Долгорочни обврски** | **27** | **50,483** | **30,486** |
| **Тековни обврски** | | **593,797** | **368,575** |
| Обврски спрема добавувачи | 28 | 110,137 | 68,065 |
| Обврски за аванси депозити и кауции | 29 | 358,397 | 190,024 |
| Краткорочни обврски за даноци, придонеси и други давачки | 30 | 103 | 2,833 |
| Обврски према вработените | 31 | 185 | 217 |
| Краткорочни финансиски обврски | 32 | 124,974 | 107,437 |
| **ВКУПНО КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | **824,853** | **567,502** |

*Овие финансиски извештаи се одобрени од Управителот на Друштвото:*

Управител — Сметководител

Белешките кон финансиските извештаи се интегрален дел од финансиските извештаи и треба да се читаат во врска со истите

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ ЗА ПЕРИОДОТ
за годината која завршува на 31,12,2023 и 31,12,2022 (во 000 денари)

| Позиција | Тековна година | Претходна година |
|---|---|---|
| **Готовински текови од деловни активности** | **44,199** | **34,973** |
| Нето добивка/загуба после оданочување | 12,132 | 41,645 |
| Амортизација | 5,699 | 3,549 |
| Вредносно усогласување | (5,300) | |
| **Промени - Зголемување/намалување на :** | | |
| Залихи | (175,478) | (17,663) |
| Побарувања од купувачи | (3,813) | (10,924) |
| Побарувања за дадени аванси на добавувачи | 10,073 | (13,319) |
| Побарувања од државата по основ на даноци, придонеси, царина, акцизи и за останати давачки кон државата (претплати) | (2,913) | 2,872 |
| Краткорочни финансиски средства | (6,373) | (38,638) |
| АВР | (15,050) | 0 |
| Обврски спрема добавувачи | 42,072 | (1,412) |
| Обврски за аванси, депозити и кауции | 168,373 | 68,581 |
| Обврски за даноци и придонеси на плата и на надомести за плата | (19) | 76 |
| Обврски кон вработените | (31) | 154 |
| Тековни даночни обврски | (2,711) | (2,275) |
| Обврски по заеми и кредити | 17,380 | 1,817 |
| Останати финансиски обврски | 157 | 510 |
| **Готовински текови од инвестициони активности** | **(56,165)** | **(85,320)** |
| Директни набавки на нематеријални и материјални средства | (80,598) | (84,247) |
| Продажба и расход на материјални и нематеријални средства | 25,035 | 5,997 |
| Зголемување/намалување на долгорочни вложувања | (602) | (7,069) |
| **Готовински текови од финансиски активности** | **19,998** | **30,486** |
| Зголемување/намалување на долгорочни кредити | 19,998 | 30,486 |
| **Зголемување/намалување на паричните средства** | **8,032** | **(19,861)** |
| **Парични средства на почеток на годината** | **20,667** | **40,529** |
| **Парични средства на крајот на годината** | **28,699** | **20,667** |

Овие финансиски извештаи се одобрени од Управителот на Друштвото:

Управител　　　　　　　　　　　　　　Сметководител

Белешките кон финансиските извештаи се интегрален дел од финансиските извештаи и треба да се читаат во врска со истите

4

**Извештај за промена на главнината на 31.декември 2023**

| Позиција | Основна главнина | Задржана добивка/ загуба | Добивка/ загуба за годината | Резерви | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба на 1 јануари 2023** | **318** | **126,419** | **41,645** | **60** | **168,441** |
| Промена на сметководствени политики | | | | | |
| **Повторно утврдено салдо** | **318** | **126,419** | **41,645** | **60** | **168,441** |
| **Промени на капиталот за 2023** | | | | | |
| Издавање /објавување на акционерски капитал | | | | | |
| Вкупна сеопфатна добивка за годината | | | 12,132 | | |
| Трансфер/пренос на задржана добивка | | 41,645 | (41,645) | | 0 |
| **Состојба на 31 Декември 2023** | **318** | **168,063** | **12,132** | **60** | **180,573** |
| **Состојба на 1 јануари 2022** | **318** | **76,854** | **49,565** | **60** | **126,797** |
| **промени на капиталот во 2022** | | | | | |
| Издавање /објавување на акционерски капитал | | | | | |
| Вкупна сеопфатна добивка за годината | | | 41,645 | | 41,645 |
| Трансфер/пренос на задржана добивка | | 49,565 | (49,565) | | 0 |
| **Состојба на 31 Декември 2022** | **318** | **126,419** | **41,645** | **60** | **168,441** |

Овие финансиски извештаи се одобрени од Управителот на Друштвото:

Управител　　　　　　Сметководител

Белешките кон финансиските извештаи се интегрален дел од финансиските извештаи и треба да се читаат во врска со истите

5

7.6 Податоци за изворите на финансирање на понудата за преземање (дали понудата ќе се финансира од сопствените парични средства, преку кредит од банка или на друг начин) и за последиците од понудата на извештајот за финансиската состојба и извештајот за сеопфатната добивка на преземачот или на групата на која и припаѓа

Преземачот понудата за преземање ја финансира од сопствени парични средства.

Како последица од преземањето на Целното друштво се очекува позитивен ефект врз сеопфатната добивка на Преземачот и зголемување на вкупната актива на Преземачот.

7.7 Опис на некои значајни контакти, трансакции или преговори од страна на преземачот со целното друштво на кои се однесува понудата за преземање или со некои од акционерите на целното друштво

Преземачот на 18.10.2024 година, преку блок трансакција, изврши откуп на 33.145 обични акции издадени од ГЕРАС ЦУНЕВ ТРГОВИЈА АД Струмица. Со оваа трансакција Преземачот се стекна со 73,25% од хартиите од вредност со право на глас издадени од ГЕРАС ЦУНЕВ ТРГОВИЈА АД Струмица, со што го надмина контролниот праг за преземање од 25% или повеќе од хартиите од вредност со право на глас и се стекна со обврска за објавување на намера за преземање.

Одборот на директори на ГЕРАС ЦУНЕВ ТРГОВИЈА АД Струмица е запознаен со намерата за преземање од страна на Преземачот. Преземачот е во постојан контакт во врска со секојдневните деловни активности на ГЕРАС ЦУНЕВ ТРГОВИЈА АД Струмица и воедно водени се преговори со Одборот на директори за преземање на друштвото, по надминување на прагот од 25% од вкупно издадените акции на друштвото.

## 8. ОЧЕКУВАНИ ИСХОДИ НА ПОНУДАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ

8.1 Цел на понудата за преземање

Цел на Преземачот е преку зголемување на сопственото учество во сопственичката структура да придонесе кон уште постабилно работење на компанијата. Преземачот ја достави оваа понуда согласно член 9 од Законот за преземање на акционерските друштва, откако го надмина контролниот праг за преземање од 25% или повеќе од хартиите од вредност со право на глас и се стекна со обврска за објавување на понуда за преземање. Преземачот понудата ја упатува кон сите останати акционери на ГЕРАС ЦУНЕВ ТРГОВИЈА АД Струмица.

8.2 Намерата и плановите на преземачот во однос на идното работење на целното друштво, и ако понудата за преземање има влијание и во однос на идното работење на преземачот - правно лице

По постапката на преземање и следствено измената на сопственичката структура, Преземачот ќе има подоминантно влијание во раководењето и управувањето со целното друштво, а со тоа полесно ќе ги реализира своите идни планови и намери за преадаптација и пренамена на деловните објекти на друштвото.

8.3 Деловната политика на целното друштво по преземањето

8.3.1 Планираниот начин на управување со целното друштво

Преземачот не планира промена во политиката на управување со ГЕРАС ЦУНЕВ ТРГОВИЈА АД Струмица, кое согласно Статутот на друштвото е организирано како акционерско душтво со едностепен систем на управување преку Одбор на директори, освен во случај да се стекне со најмалку 95% од хартиите од вредност издадени од ГЕРАС ЦУНЕВ ТРГОВИЈА АД Струмица.

Во таков случај Преземачот планира да го искористи правото да ги купи акциите на акционерите кои не ја прифатиле понудата за преземање и да го трансформира друштвото од АД во ДОО или ДООЕЛ.

8.3.2 Политика на преструктуирање на целното друштво

Преземачот планира да ја искористи законската можност што ја дава Законот за преземање на акционерските друштва во поглед на заокружување на сопственичката структура преку истиснување на акционерите доколку откупи на 95% од акциите преку постапката за преземање.

Во таков случај преземачот има намера да го трансформира друштвото од АД во ДОО или ДООЕЛ.

8.3.3 Политика на вработување (податоци за политиката за заштитата и зачувувањето на работните места на вработените и органот на управување, вклучувајќи и податок за секоја измена на условите за вработување)

Согласно последните податоци добиени од целното друштво, во моментот на изготвување на овој Проспект нема вработени лица.

Доколку по успешното преземање на ГЕРАС ЦУНЕВ ТРГОВИЈА АД Струмица се појави потреба за нови вработувања истите ќе се реализираат согласно пазарните потреби во областа во која делува целното друштво.

8.3.4 Податоци за стратешките планови на преземачот за целното друштво, вклучувајќи и податоци за можното влијание на вработувањето, дејноста што целното друштво ја врши, средствата на целното друштво и неговите идни обврски, како и седиштето на целното друштво

Преземачот своите активности во иднина ќе ги насочи кон унапредување на работењето на целното друштво во рамките на дејноста која ја обавува т.е. хотелеско сместување, а политиката на вработувањата ќе се одвива согласно пазарните потреби.

При користење на туѓи извори на средства од Преземачот ќе се води сметка долгорочните кредити да не ја загрозат ликвидноста како и да не го нарушат односот на обврските и вкупните средства како и на основната главнина на друштвото.

Преземачот не планира промена на седиштето на друштвото.

8.3.5 Распределба на добивката на целното друштво

Евентуално остварената добивка на ГЕРАС ЦУНЕВ ТРГОВИЈА АД Струмица по успешното преземање на друштвото, првенствено ќе се користи за зајакнување на билансната состојба на друштвото т.е. покривање на загубите од претходните години.

8.3.6 Промени на статусот на целното друштво

Преземачот има намера да изврши преобразба на друштвото во ДОО или ДООЕЛ.

ПРЕЗЕМАЧ:

ДГИ ТОТАЛ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Струмица,
застапувано од Вице Заев, Управител

______________________________

*Прилог 1-Физичко лице*

Согласно со член 38 од Законот за преземање на акционерските друштва („Службен весник на РМ“ бр.69/2013, 188/2013, 166/2014, 154/2015, 23/2016, 248/2018 и „Службен весник на РСМ“ бр. 31/2020) Јас ________________________________со адреса и место на живеење на ________________________________ и ЕМБГ_______________, ја давам следната:

## ИЗЈАВА
## за прифаќање на понуда за преземање

Во врска со понудата за преземање на акции издадени од Друштво за трговија услуги и консалтинг ГЕРАС ЦУНЕВ ТРГОВИЈА АД Струмица со седиште на ул. Гоце Делчев бр. 50, Струмица и ЕМБС 5607302, дадена од страна на преземачот ДГИ ТОТАЛ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Струмица, објавена во дневниот весник Нова Македонија на 07.12.2024 година, изјавувам дека ја прифаќам понудата за преземање и подготвен/а сум да ги продадам по понудената цена ________ обични акции со кои располагам во акционерското друштво ГЕРАС ЦУНЕВ ТРГОВИЈА АД Струмица , евидентирани во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

Воедно, го овластувам Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје да изврши резервирање на наведените акции на мојата сметка и да го ограничи располагањето со истите.

Согласен сум исплатата на паричните средста врз основа на прифатената понуда, по успешното завршување на понудата, да биде извршена во рок наведен во Проспектот за преземање, на трансакциска сметка број _______________________ во _____________________ Банка АД _________.

**Подносител на изјавата**

____________________________________

**(своерачен потпис)**

<u>**ОВАА ИЗЈАВА ЗА ПРИФАЌАЊЕ ТРЕБА ДА СЕ ИСПРАТИ НА:**</u>
<u>**ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје**</u>
<u>**Ул. Истарска бр.33 влез 1/локал 4 - приземје, Скопје - Центар**</u>

Согласно со член 38 од Законот за преземање на акционерските друштва („Службен весник на РМ“ бр.69/2013, 188/2013, 166/2014, 154/2015, 23/2016, 248/2018 и „Службен весник на РСМ“ бр. 31/2020) Друштвото ______________________________ со седиште на ______________________________ и ЕМБС_______________, застапувано од ______________________________ја дава следната:

**И З Ј А В А**
**за прифаќање на понуда за преземање**

Во врска со понудата за преземање на акции издадени од Друштво за трговија, услуги и консалтинг ГЕРАС ЦУНЕВ ТРГОВИЈА АД Струмица со седиште на ул. Гоце Делчев бр. 50, Струмица и ЕМБС 5607302, дадена од страна на преземачот ДГИ ТОТАЛ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Струмица, објавена во дневниот весник Нова Македонија на 07.12.2024 година, изјавуваме дека друштвото ______________________________ ја прифаќа понудата за преземање и подготвени сме да ги продадаме по понудената цена ________ обични акции со кои располагаме во акционерското друштво ГЕРАС ЦУНЕВ ТРГОВИЈА АД Струмица, евидентирани во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

Воедно, го овластуваме Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје да изврши резервирање на наведените акции на нашата сметка и да го ограничи располагањето со истите.

Согласни сме исплатата на паричните средста врз основа на прифатената понуда, по успешното завршување на понудата, да биде извршена во рок наведен во Проспектот за преземање, на трансакциска сметка број ____________________ во ____________________ Банка АД ________.

Подносител на изјавата

______________________________
(Потпис на овластеното лице и печат)

**<u>ОВАА ИЗЈАВА ЗА ПРИФАЌАЊЕ ТРЕБА ДА СЕ ИСПРАТИ НА:</u>**
**<u>ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје</u>**
**<u>Ул. Истарска бр.33 влез 1/локал 4 - приземје, Скопје - Центар</u>**